РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2336/1

17-03-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 63-та седница одржана на ден 15.03.2022 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-3142/1 од 18.06.2019 година, оформен по доставена пријава за службеното лице ------------------------------------------- – медицински директор во ЈЗУ Универзитетска клиника за -------------------------------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување од причина што наводите не се потврдени и постапил и презема мерки надлежен орган.

Предметот со број 12-3142/1 од 18.06.2019 да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 18.06.2019 година, поднесена е пријава за службеното лице ---------------------------------- – медицински директор во ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство и оформен е предмет број 12-3142/1 од 18.06.2019 година. Кон оваа пријава по заклучок на колегиум на ДКСК се споени и други пријави од ист подносител во кои се содржани наводи за иста фактичка состојба за ист случај, а за истите се постапуваше и одлучуваше по оваа пријава.

Со пријавите насловени како пријави за кривична одговорност се укажува на сомневање за злоупотреба на службената положба и овластување од пријавеното лице во постапки за унапредување на повеќе вработени во клиниката кои според подносителот немале соодветно образование за работната позиција на која биле унапредени со што ова дејствие е противзаконито и е на штета на здравствената установа, а подносителот наведува дека за овој и за следните наводи ги информирал и управниот одбор на клиниката и министерот за здравство но ништо не било преземено. Подносителот исто така укажува на сомневање за сторени злоупотреби во постапка за јавна набавка на Подлоги за култивација на хемокултури и реагенси за молекуларна дијагностика со отсапување на опрема за период од 12 месеци – Дел 2 во која бил склучен договор за набавка во вредност од 4.252.500,00 денари.

Договорот за оваа набавка е склучен со правното лице ---------- ДОО Скопје во 2018 година, а подносителот наведува дека ова правно лице било фаворизирано на начин што техничката спецификација била изготвена за да се оневозможат да учествуваат други економски оператори што влијаело клиниката да плати пет пати повеќе од стандардната цена за микробиолошки тестови. Исто така, во пријавата се изнесуваат и наводи за констатирани состојби при вонреден инспекциски надзор од страна на Државниот санитарен и здравствен инспекторат при кој било донесено решение со кое се наредува одговорните лица да преземат санитарно-хигиенски и против-епидемиски мерки.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК достави барање за прибирање на информации до ЈЗУ Универзитетска клиника за -----------------------------------------------, Комисијата за заштита на конкуренцијата и Основното јавно обвинителство Скопје. Од страна на институциите беа доставени одговори на барањата со прилог документација од кои се констатира следното:

- Во однос на вработената --------------------------, со решение од 04.01.2018 година е поставена на работно место раководител на сектор за човечки ресурси, информатика и програмирање. Во дописот клиниката известува дека за ова работно место согласно правилникот за систематизација на работните места потребни се ВСС и рабтно искуство 5 години, при што вработената ги исполнува потребните услови согласно образованието 300 ЕКТС по меѓународен маркетинг и менаџмент и работно искуство.

- Во однос на вработената ------------------------, истата со решение од 11.02.2019 година е распоредена на работно место главна медицинска сестра – акушерка, а согласно посебниот колективен договор и е утврдена плата за дипломиран лингвист. Во дописот клиниката известува дека согласно правилникот за систематизација на работните места не се предвидени посебни услови кои треба да се исполнети, а главната медицинска сестра има завршено средно медицинско образование, филолошки факултет и во тој момент била студент на високата школа за медицински сестри.

- Во однос на вработениот --------------------------- се наведува дека последно издадено решение за плата и надомест од плата кое е во важност и во моментот на достава на известувањето е од 11.02.2010 година со кое е поставен на работно место раководител на сектор, самостоен референт со посебни одговорности за сметководство. Во дописот клиниката известува дека согласно правилникот за систематизација на работните места потребни услови се ВШС и ВСС (економско училипте и работно искуство 5 години) кои тој ги исполнува а поседува и уверение за овластен сметководител издадено од Министерството за финансии.

- Во однос на вработената --------------------------- од 18.12.1989 година е поставена за раководител на немедицинска дејност, а од 14.11.2007 година е во ЈЗУ УК ----------- на работно место раководител на служба за финансово-сметководствено работење и јавни набавки, со решение од 11.5.2010 година за утврдување на плата согласно посебниот колективен договор. Со промената на работно место не е извршено унапредување туку вработената е распоредена на друго работно место бидејќи претходното се укинало.

- На барањето на ДКСК до Комисијата за заштита на конкуренцијата да даде мислење дали техничката спецификација од посочената јавна набавка ја ограничува конкуренцијата на пазарот, со оглед на специфичноста на барањето комисијата побара подолг временски период за изготвување на стручно мислење. По неколкукратна комуникација, КЗК достави известување дека се обратила до ЈЗУ УК ----------, Министерството за здравство и економски оператори кои би можеле да бидат засегнати, кои се доставени во прилог. Со истото известување КЗК информира дека не е во можност да даде мислење по барањето на ДКСК дали техничките спецификации за набавка на конкретниот тип на производ се ограничувачки и неоправдани поагајќи од фактот дека се работи за специфична област за која е потребно стручно знаење.

- Основното јавно обвинителство Скопје со прилог решенија известува дека во однос на наводите за унапредување на вработени лица чие образование не било соодветно за работната позиција на која биле унапредени по четири кривични пријави (поднесени од подносителот на пријавата до ДКСК) против горенаведеното службено лице сите за по едно кривично дело – Злоупотреба на службената положба и овластување од чл. 353 ст. 4 в.в со ст. 1 од КЗ, кои пријави биле споени во еден предмет и донесено е решение од 06.03.2020 година со кое се отфрлени кривичните пријави, бидејќи пријавените дела не се кривични дела за кои се гони по службена должност. Во однос на наводите за јавната набавка по кривична пријава од истиот подносител, по проучување на истите и сите списи во предметот донесена е резолуција од 08.05.2020 година со која е утврдено дека нема место за јавнообвинителска интервенција бидејќи во дејствијата на пријавената не се содржани елементи на пријавеното или на друго кривично дело за кое се гони по службена должност.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК оцени дека наводите од пријавата не се потврдени поради што нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил : Г.Т., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**